# ТАРИФНИК

# за хонорарите на шаховските судии

**<u>Начин и постапка на определување на судиските хонорари</u>**

- **Општи одредби**

Тарифникот за Хонорарите на шаховските судии на предлог од Судиската комисија, го усвојува Управниот одбор (У.О.) на Шаховската Федерација на Македонија (ШФМ).

Секоја измена на Тарифникот на предлог од Судиската Комисија, се усвојува со одлука на Управниот одбор (У.О.) на Шаховската Федерација на Македонија (ШФМ).

Хонорарите се договараат со организаторот пред почеток на турнирот сообразно на категоризацијата на турнирот, но не можат да бидат пониски од минималните судиски хонорари дефинирани во овој Тарифник.

Предвидените хонорари со овој тарифник се однесуваат на турнири од официјалниот календар на ШФМ (Шаховска Федерација на Македонија).

Препорака до организаторите на турнири е да се раководат по овој тарифник.

При организација на турнири од страна на ШФМ (Шаховска Федерација на Македонија), а во надлежност на FIDE,ECU, Балканска шаховска федерација или други меѓународни асоцијации, федерации или сојузи, хонорарите се одредени со правилници на тие субјекти.

Хонорарите се дадени во нето износ. Сите други евентуални давачки (даноци,провизии и сл. согласно законските прописи се обврска на организаторот).

- **Категоризација на турнири**:

Висината на судиската такса се определува според следната категоризација на турнирите:

**I Категорија** - Турнири во Стандарден шах со темпо на игра каде фиксното време или доделеното време + 60 пати по било која временска додавка е еднакво или поголемо од 120 минути по играч

**II Категорија** - Турнири во Стандарден шах со темпо на игра каде фиксното време или доделеното време + 60 пати по било која временска додавка е помало од 120 минути по играч за цела партија

**III Категорија** - Турнири во Забрзан (Rapid) или Брзопотезен (Blitz) шах

**За турнири од I-ва и II-ра категорија минималните судиски хонорари се пресметуваат по одиграно коло.**

**За турнири од III-та категорија, Забрзан (Rapid) или Брзопотезен (Blitz) шах минималните судиски хонорари се пресметуваат по натпреварувачки ден.**

- **Судиски хонорари**

1. Судиски хонорари за турнири од I категорија

За турнири од I категорија минималните судиски хонорари по коло се дадени во Табела 1.

**Табела 1.** Минимални судиски хонорари за турнири од I категорија

| Категорија на турнирот | Должност на судијата | Судиски хонорар |
|---|---|---|
| I категорија | Главен судија | 2.100,00 ден / коло |
| | Заменик/помошен судија | 1.400,00 ден / коло |

2. Судиски хонорари за турнири од II категорија

За турнири од II категорија минималните судиски хонорари по коло се дадени во Табела 2.

**Табела 2.** Минимални судиски хонорари за турнири од II категорија

| Категорија на турнирот | Должност на судијата | Судиски хонорар |
|---|---|---|
| II категорија | Главен судија | 1700,00 ден / коло |
| | Заменик/помошен судија | 1.100,00 ден / коло |

## 3. <u>Судиски хонорари за турнири од III категорија</u>

**3.1.** За турнири од III-та категорија во забрзан (Rapid) шах и брзопотезен (Blitz) шах турнирминималните судиски хонорари по натпреварувачки ден се дадени во Табела 3.1

**Табела 3.1** Минимални судиски хонорари за турнири од III-та категорија за забрзан (Rapid) шах и брзопотезен (Blitz)шах:

| Категорија на турнирот | Должност на судијата | Судиски хонорар |
|---|---|---|
| III категорија<br>Забрзан (Rapid) шах | Главен судија | 5.600,00 ден. / ден |
| | Заменик/помошен судија | 2.800,00 ден. / ден |

- **Внесување на партии во шаховска база во .pgn формат**

Внесувањето на партии во шаховска база во .pgn формат е задолжително за сите турнири од I-ва и II-ра категорија од официјалниот календар на ШФМ (Шаховска Федерација на Македонија).
Главниот судија ги одредува должностите во овој домен за секој судија поединечно.

Судиската такса за внес на партии во шаховска база во .pgn формат е дадена во Табела 4.

**Табела 4**. Судиска такса за внесување на партии во шаховска база во .pgn формат

| Должност на судијата | Судиска такса |
|---|---|
| Внес на партии во шаховска база во .pgn формат | 30,00 ден. /партија |

- **Патни трошоци**

Патни трошоци се исплатуваат на судијата со место на живеење различно од местото на одржување на турнирот во еднократен износ во висина на цената на повратен автобуски билет.

***Додаток***:

Препорака за одредување на број на судии на еден турнир

Според препораките на FIDE и ECU, бројот на судиите на еден турнир се определува според бројот на табли на турнирот.

| Вид на турнир | Улога на судијата | Број на табли |
|---|---|---|
| Стандарден шах | Главен Судија | / |
| | Помошник судија | 20 |
| Забрзан (Rapid) или Брзопотезен (Blitz) шах | Главен Судија | / |
| | Помошник судија | 15 |

Скопје, Февруари, 2024 година

Шаховска Федерација на Македонија

Претседател

Саша Богдановиќ